


# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

***За работата на Фондација за локален развој и демократија „Фокус“ за 2014 година***

2014

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## *за работата на Фондација за локален развој и демократија Фокус, Велес за 2014 год*

### Помош за јавни набавки и за микропретпријатијата од североисточен регион

Проектот на УСАИД за пристап на микропретпријатијата до јавните набавки во Куманово го одбележа проширувањето на услугите на центарот за јавни набавки во североисточниот регион. На настанот беа претставени можностите што сега покрај за микропретпријатијата од вардарскиот, ќе бидат достапни и за тие од североисточниот регион. „Микропретпријатијата се признати во целиот свет како важни елементи на националните економии кои придонесуваат значително кон зголемување на вработувањето и намалување на сиромаштијата", рече директорот на мисијата на УСАИД, Џејмс Стаин. „Иако пазарот на јавни набавки се проценува на околу 1,2 милијарди долари годишно, микропретпријатијата традиционално не учествуваат во него. Ние сакаме да го промениме тоа".



Со проширувањето на услугите во североисточниот и во југоисточниот регион, проектот на УСАИД ќе нуди обука, секојдневна техничка помош, како и информации за 300 микропретпријатија од 35 општини. Покрај тоа, на повеќе од 300 локални договорни органи ќе им предлага конкретни мерки за намалување на тековните административни оптоварувања и други пречки со кои се соочуваат микропретпријатијата.

### Микропретпријатија од 36 општини се обучуваат за јавните набавки

Претставници на стотина фирми од 35 општини од источниот, југоисточниот, североисточниот и од вардарскиот регион учествуваа на повеќедневната годишна конференција на микропретпријатија за јавните набавки. Целта на конференцијата е да се унапредат знаењата на микропретпријатијата за учество во јавните набавки, како и да се остварат неопходните контакти за нивно идно здружување за заеднички и посилен настап на пазарот на јавните набавки. Конференцијата е можност за размена на искуства од учеството на фирмите на тендерите и за идните предизвици кои им стојат на патот кон поголемо и посоодветно учество на пазарот на јавни набавки.




Конференцијата е дел од Проектот на УСАИД за пристап на микропретпријатијата до јавните набавки кој го спроведува Центарот за граѓански комуникации од Скопје, во партнерство со невладините организации Фокус од Велес и ЕХО од Штип. Проектот го олеснува пристапот на микропретпријатијата до пазарот на јавните набавки, придонесувајќи за нивен одржлив развој и подобро искористување на нивните потенцијали за создавање работни места, раст и иновации.

## Буџетски мониторинг на општините од Вардарски плански регион

Фондација „Фокус" како дел од Коалицијата за буџетски мониторинг започна со реализација на едногодишен проект чија задача е за да ги следи буџетските процеси во сите 80 општини низ државава. „Фокус" го следи трошењето на јавните пари во деветте општини од Вардарски плански регион (Велес, Градско, Чашка, Лозово, Свети Николе, Демир Капија, Росоман, Кавадарци и Неготино) со цел локалните власти да воспостават потранспарентни практики во однос на процесот на креирање и трошење на буџетите.




Проектот го имплементираат Центарот за економски анализи (ЦЕА) и ФОРУМ- Центар за стратегиски истражувања и документација во соработка со 1о локални организации меѓу кои и Фондација „Фокус". Истиот е поддржан од Делегацијата на Европската Унија во Македонија.

## Обуки во североисточен регион

Во рамки на Проектот „Пристап на микропретпријатијата до јавните набавки", Фондација „Фокус" организираше 4 бесплатни обуки за јавни набавки во североисточниот регион. Овие обуки беа одржани во општините Куманово, Кратово и Крива Паланка, а ги посетија околу 60 – тина претставници на фирми од овој регион.




Обуките ги водеше сертифициран обучувач, а присутните имаа можност да се запознаат со процесот на јавни набавки, како да го користат Електронскиот систем за јавни набавки, да подготвуваат тендерски документации, да учествуваат на електронска аукција и сл.

## Обука за правна помош на микропретпријатија

Повеќе од педесет микропретпријатија од вардарски и североисточен плански регион присуствуваа на трите тематски обуки за правна помош кои беа организирани во Велес, Кавадарци и Куманово.



На микропретпријатијата на конкретните обуки им беа презентирани нивните законски права и обврски, како и правната регулатива од новоизменетиот закон за јавни набавки. Обуките беа организирани во рамки на Проектот на УСАИД за поддршка на микропретпријатија до јавните набавки.

## Во Велес се оджа проекција на документарни филмови [кино.zip]

Во велешкиот театар „Ј.Х.К Џинот" започна проекција на документарни филмови. Проекцијата беше иницирана од страна на младинскиот клуб Медиа/Арт, како дел од Младински Образовен Форум во Велес и истата се реализираше благодарение на поддршката и соработката со Make Dox коишто преку документарни филмови ги едуцираат младите.





Проекцијата започна со интерактивна работилница на којашто беа проектирани два краткометражни филма: „Куса историја на Џон Балдесари" и „Тулибу дибу даучу". Посетителите имаа можност и да го изразат своето мислење преку одговор на одредени прашања и со движење на сцена.
Потоа следеше проекција на филм изненадување, којшто премиерно се прикажува за прв пат во Македонија и во вториот блок беше проектиран документарецот кој има освоено повеќе награди и се уште ја освојува публиката -„Бурманските видео репортери – извештај од затворената земја".По секоја проекција следуваше и кратка панел-дискусија за темата којашто документарецот ја обработува.
Седумдесетина средношколци заедно со нивните професори во филозофија, социологија, македонски јазик… присуствуваа на проекциите и работилниците.






Присутните се потпишуваа на таблата на којашто беше нагласена фразата : „Потпишувам за отворање на киното!" и во текот на работилниците истакнаа дека кај нив не постои навика да одат во кино и на големо платно да изгледаат некој филм. Ја поздравија идеата за враќање на кино културата во градот и изразија желба повторно да имаат можност да присуствуваат на вакви активности.
Младите коишто го организираа овој настан се заблагодарија јавно на Сашо и Нина од Make Dox коишто одвоија дел од своето време и помогнаа во реализација на нивната инцијатива. На крајот тие изјавија дека кај нив постои надеж овие активности да го променат status quo-то на ситуацијата со старото кино „11-ти Октомври".

**Изложба на фотографии „Визуелно пишување"**

Во Кафе бар Чао се одржа Изложбата на фотографии со наслов „Визуелно пишување", како завршен настан на Медиа Арт клубот во Велес. Изложбата претставува селекција од најдобро изработените дела, кои не само што за краток период успеаа да постигнат едно солидно техничко ниво на изработка, туку и внесоа особен личен израз, поради кој исходот од работилниците е повеќе од успешен.






Во текот на ноември и декември, во Велес се случија серија предавања и работилници на тема калиграфија и типографија, како ликовни и дизајнерски дисциплини, што значат, каде и како се користат и што се' може да се направи со нив. На работилниците, учесниците се запознаа со дел од можностите на калиграфијата и типографијата, секако со многу мал дел од се' она што тие опфаќаат, но со можност и потенцијал овие работилници да се прошират во постудиозно и подетално запознавање со овие дисциплини.





### “На Велес му треба....“ промоција на иницијативата за креирање младински совет

На импровизиран ѕид, случајните минувачи имаа можност да ги искажат своите размислувања и идеи како Велес да биде подобро место за живеење. На Велес му треба...... беше насловот на настанот за промоција на иницијативата за креирање на локален младински совет.





Затворен базен, кино, Скејт парк, нова факултетска зграда, и многу други идеи напишаа младите. А членовите на младинскиот совет ќе се стремат во соработка со локалната самоуправа дел од идеите да бидат реализирани.Целта на формирањето на советот е вклучување на младите во носењето на одликите на локално ниво како и промоција и развој на младинското учество, како пристап кон завземање на активна улога во личниот разој на младиот човек, но и во развојот на заедницата.






### Последна тренинг – обука за креирање локален младински совет

Презентацијата на структурата на органите на локалната самоурава и нејзините надлежности беше последниот тренинг обука од низата тренинзи кои Младинскиот Образовен Форум ги организира со цел креирање Младински Локален Совет. Работењето и начинот на функционирање и дејствување на локалната самоуправа се многу важни за младите кој се вклучени во иницијативата за формирање совет на млади.





Иницијативата за креирање младински совет има за цел да овозможи учество на младите во процесите на носење одлуки кои нив ги засегаат на локално ниво, како и нивна зголемена ангажираност во подобрување на локалната заедница.

## Стартуваа тренинзите за формирање младински совет во Велес

Стартуваше првиот тренинг  за формирање младински совет во Велес. Проект на младински образовен форум и Фондацијата фокус. На тренингот,  насловен „Младински политики, младинско учество, волонтерство и младинска работа" младите активисти се запознаа со начинот на креирање младински политики, кои нив ги засегаат на локално ниво, како и нивна зголемена ангажираност во подобрување на локалната заедница, но и запознавање со начинот како тие можат директно да учествуваат во тој процес.





Покрај денешниот тренинг планирани се уште четири, се со цел целосно запознавање на младите активисти со поектот локален младински совет. Викендов во просториите на невладината организација фокус ке се одржи тренингот за застапување базирано на истражувања и факти кој е поделен во два дела, едниот дел ке биде утре, а другиот е закажан за во недела. Целта на проектот е младите да се вклучат во креирање на идеите во општеството

На денешниот тренинг присуствуваа млади претставници од различни невладини организации, подмладок на политички партии, претставници од средните училишта и претставници од технолошко техничкиот факултет во Велес.

## Младите од Велес со иницијатива за формирање на локален младински совет

Под насловот „Млади за Велес" во просторот на Младинскиот парк беа поставени штандови на неколкуте граѓански организации на младите од Велес кои се промовираа себеси но истовремено и ги искажаа своите желби. Целта на настанот како што потенцираа од организаторите Фондацијата „Фокус" од Велес е да се поттикнат младите да ги искажат своите приоритети и со тоа да влијаат да се промени нивниот живот и да имаат повеќе места за движење и забавување.






На настанот беа присутни дел од средношколските организаци од градот, младите на ОО на Црвен Крст, извидниците, претставниците од техничко-технолошкиот факултет, од доброволното противпожарното друштво „Видра", од Стрип центарот на Македонија, Младинскиот клуб „ЛОГИЧКИ ПЛОЧКИ", но и членовите на здружението „Македонски спасител" кои ги промовираа своите активности и приоритети пред младите.





На настанот присутните можеа да ја погледат и промоцијата на брошурата „Млади за Велес" во која е објаснето зошто треба да се формира локалниот младински совет а вметнати се и делови од локалната младинска стратегија на општина Велес. Младите велешани сакаат да добијат кино, поголеми и пробројни простори за спортување, за забава и рекреација и очекуваат дека со создавањето на локалниот младински совет оваа година ќе се делува кон реализирање на нивните приоритети.
Настанот е дел од проектот „Развој на локално младинско учество и локални младински политики" финансиран од ЕУ од регионалната ИПА програма а се спроведува од МОФ и ЦИД во 12 општини во државата меѓу кои и во Велес. Настанот го подржа и локалната самоуправа на општина Велес.